**ЗАПИСНИК**
**од 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 01.10.2019 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазар Трајчев (оправдано отсутен).

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Емилија Јаневска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 37-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски објасни дека г-дин Трајчев неколку часа пред започнување на седницата телефонски информирал дека поради здравствени причини не е сигурен дали ќе дојде на седницата. Од таа причина најави дека доколку не пристигне неговото отсуство ќе се смета за оправдано.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на Предлог-записник од 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.09.2019 година.
2. Усвојување на Предлог-записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.09.2019 година.
3. Предлог за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје.
4. Предлог за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип заради прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.
5. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 7-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.09.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот на Агенцијата го разгледа и едногласно го усвои предложениот Записник од 36-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 24.09.2019 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Вижн БМ-ТВ КАНАЛ ВИЗИЈА ДОО Скопје. Објасни дека овој радиодифузер претходно имаше потешкотии со плаќањето на надоместокот за дозволата. Агенцијата е веќе подолг временски период во комуникација со него и при тоа со извештајот за административен надзор се констатира дека нема соодветен број на вработени. Сега согласно подзаконскиот акт е дојдено до фаза кога треба да се покрене постапка за одземање на дозволата поради неисполнување на бројот на вработени. Се надева дека во рокот од 15 дена ќе успее да се коригира бидејќи се работи за уште еден вработен.

Г-дин Петрушевски рече дека се надева дека во наредниот период ќе најде услови да склучи договор за уште еден вработен.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева објасни дека во текот на вчерашниот ден во Агенцијата пристигна меил од радиодифузерот со прашање дали треба за вработениот да достави диплома за средно или високо образование. Одговорено му е дека за вработениот новинар кој му недостасува условот е да достави диплома за високо образование. Денес наведениот радиодифузер повторно има испратено меил дека тие документи ќе бидат доставени до четврток. Напомена дека досега во многу телефонски комуникации ветувал дека одредени документи ќе ги достави во одреден рок, но најчесто не го испочитувал. Во таа насока се предлага да се покрене постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека со предлогот кој очекува Советот да го усвои за покренување на постапката, се надева дека дополнително ќе се мотивира да најде уште еден вработен и за тоа да ги достави потребните докази. Ова ќе биде второ спасување на медиумот за кое се надева дека и ова ќе заврши успешно како и претходното.

Советот на Агенцијата едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Вижн-БМ-ТВ Канал ВИЗИЈА ДОО Скопје, бр.08-349 од 15.08.2017 година, поради прекршување на прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, според кој „за обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“ и член 22 од Правилникот за

минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година).

Доколку ТРД Вижн-БМ-ТВ Канал ВИЗИЈА ДОО Скопје не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот, Советот на Агенцијата во рок од 15 дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Вижн-БМ-ТВ Канал ВИЗИЈА ДОО Скопје, бр.08-349 од 15.08.2017 година поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр. 01-5774/1 од 21.11.2014 година.

Г-дин Петрушевски рече да се информира радиодифузерот кога му започнува рокот и кога завршува и се надева дека во тој рок ќе ги достави потребните документи односно дека ќе склучи договор како што бара Законот и ќе ги исполни условите.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлогот за изрекување мерка јавна опомена на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип заради прекршување на член 80 ставови 7, 8 и 9 од ЗААВМУ, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика. Објасни дека согласно последните измени на ЗААВМУ на радиодифузерите им е овозможено оние кои сами ќе се пријават да емитуваат домашна музика до 30% да им биде намален износот за годишниот надоместок. Во таа насока на седница одржана во јануари оваа година Советот ги донесе Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика. Врз основа на тој документ на повеќе радиодифузери согласно нивните пријави за емитување домашна музика им беше намален надоместокот кој што треба да го платат на годишно ниво до 30%. За конкретниот радиодифузер РА КАНАЛ 77 информира дека тој има поднесено пријава дека дневно ќе емитува 25% музика на македонски јазик и согласно тоа фактурата му е намалена на 25%. Со извршениот мониторинг констатирано е дека не ги исполнува обврските за кои што доброволно се пријавил и согласно таа пријава му е намалена фактурата. Затоа предлогот на Агенцијата е да му се изрече јавна опомена и потоа да се изврши контролен надзор. Доколку не се коригира ќе се бара поврат на средствата односно да го доплати износот за којшто на почетокот од годината му беше намален надоместокот за дозвола за 2019 година согласно Законот. Радиодифузерот се има произнесено и Советот го има неговото изјаснување во однос на констатираното прекршување. Не логично е рече да се признаваат насоките кога се бара намалување на фактурата, а потоа истите насоки кои ги донесе Советот да не се признаваат кога треба да се исполнат обврските кои се преземаат со намалувањето на фактурата. Информира дека Агенцијата има и други подзаконски акти кои не биле објавени во Службен весник а за кои Агенцијата или Советот покренувале постапки и биле потврдени во судска постапка како на пример што беше случајот со насоките за референдумот.

Г-дин Петрушевски потврди дека тогаш имаше бројни случаи на донесување мерки и многу радиодифузери се приклонија кон тие насоки а оние радиодифузери

што не се приклонија добиваа мерки согласно тие насоки. Ако се прифаќаат Насоките од радиодифузерите кога имаат корист треба да се прифаќаат и кога се има обврски.

Советот на Агенцијата го разгледа Писмениот извештај за извршен вонреден програмски надзор по службена должност бр.10-4251/1 од 17.09.2019 година и во согласност со член 23 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги едногласно заклучи да му изрече мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип и му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 80 ставови 7, 8 и 9 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а во врска со точка 4 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика.

Се задолжува Секторот за правни работи да го изготви решението за изрекување мерка јавна опомена на наведениот радиодифузер.

Се задолжува Секторот за програмски работи по истекот на рокот определен во Решението за јавна опомена да изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот) постапил по изречената мерка (во целост, делумно или не постапил).

Доколку со контролниот надзор се утврди дека субјектот на надзорот (радиодифузерот) не постапил по изречената мерка јавна опомена, Советот на Агенцијата во согласност со точка 13 од Насоките за доброволно пријавување на радијата за емитување домашна музика (бр. 01-546/1 од 04.02.2019 година) ќе донесе Решение со коешто ќе го задолжи Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, да го доплати износот за којшто на почетокот од годината му беше намален надоместокот за дозвола за 2019 година.

Се задолжува Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот, горенаведеното решение да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето рече дека се надева дека радиодифузерот ќе направи прераспределба на термините на емитување на домашната музика и многу лесно ќе ја исполни оваа обврска.

**Точка 5**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

Бр. 02-4347/4
09.10.2019 година
С к о п ј е

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**